**ПРОЕКТ „ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА„**

# СТАВОВИ НА ДЕЦАТА ПО ОДНОС НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

## Извештај од реализирани фокус групи

**Скопје, Октомври 2009**

**Наслов на публикацијата:** Ставовите на децата по однос на спроведувањето на Конвенцијата за заштита на правата на детето во Република Македонија

**Автор:**

М- р Теодора Ајановска Глигорова

**Издавач на публикацијата**: Коалиција на младински организации СЕГА ул. Иво Лола Рибар 5, Прилеп,

**Извршен Директор**: Зоран Илиески

**Проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија" е финансиски поддржан од фондацијата Песталоци**

## Статистички преглед

- *Фокус групите со децата се одржани со 78 деца од 5 града (Скопје, Прилеп, Битола, Охрид и Тетово).*
- *При тоа беа опфатени 50 Македонци, 20 Албанци,3 Бошњаци, 2 Египјани, 1 Турчинка, 1 Ромка, 1 Влаинка*
- *Беа опфатени деца на возраст: 5 на 9 годишна возраст, 24 на 10 години, 27 на 11 годишна возраст и 22 на 12 годишна возраст*

## Резиме на наоди од реализираните фокус групи

- **Што според децата е Конвенцијата за правата на детето, дали ги знаат и како дознале за нивните права?**

И покрај тоа што децата кои беа опфатени со фокус групите се на возраст на која веќе требало да ги изучуваат детските права (преку предметот Запознавање на општеството според осумгодишната програма) една третина од нив не знаат за Конвенцијата за правото на детето, додека голем дел од децата кои знаат за неа не знаат точно што е тоа ниту некогаш во животот ја виделе. Најмалку се запознаени со Конвенцијата децата од Тетово и Охрид. Децата кои знаат за неа ја опишуваат како книга која ги заштитува нивните права; пишани правила кои што се изучуваат; права и слободи кои што ги има едно дете; права на децата меѓу кои и право да одат на училиште и да прават што сакаат; документ каде детето има право на училиште. Во однос на правата кои ги познаваат најчесто го наведувале образованието, потоа здравствена грижа, сопствено мислење и изразување, право на живот, право на игра, заштита од злоупотреба на детскиот труд, заштита од насилство, право да не бидат одвоени од своие родители. Дел од децата не ја разбираат суштината на правата и тие ги поврзуваат со правила на однесување како на пример не треба да фрлат отпадоци, не треба да се тепаат, не треба да се збори лоши работи, итн.

Повеќето од децата кои ги знаат своите права дознале за нив преку предметот Запознавање на општеството додека мал дел од децата дознале од своите родители. Дел од децата кои ги изучувале свотие права во училиште ги изучувале на креатвини начини.

- **Дали некогаш се пожалиле за прекршување на нивното право?**

Децата опфатени со фокус групите не навеле соодветни примери за прекршување на нивните права или изјавиле дека ниедно право не им било прекршено што понатаму укажува на нивното слабо познавање на Конвенцијата и на правата наведени во неа.

Случаите што децата ги навеле како примери биле навреди од соученици, недобивање на награда на натпревар на кој победиле, лажење од страна на нивни соученици и сл.

Децата од Прилеп и покрај тоа што отпрвин одговориле дека ниедно право не им било прекршено во разговор со модераторот откриле дека биле дискриминирани од страна на наставниците при оценувањето и деца кои биле побогати или имале роднини во

училиштето добивале повисоки оцени. Истите деца изјавиле дека биле потценувани од страна на побогатите соученици.
Во однос на тоа на кого се пожалиле за прекршување на правата, тие се обраќаат на родителите, на класниот раководител, на наставниците, директорот и полиција. Меѓутоа од друга страна децата кои биле дискриминирани од страна на наставниците изјавиле дека кога се бунеле за одредени оцени тоа предизвикувало омраза кај наставниците.

- **Дали имаат право на заштита од насилство, односно како го разбираат ова право?**

Децата вклучени во фокус групите различно го разбираат ова право. Додека дел го идентификуваат како заштита од малтретирање и навредување или заштита од малтретирање од страна на родителите, друг дел од децата ова право го поврзуваат со конкретни правила на добро однесување како на пример: ако некој ги удри, тие не треба да им вратат исто и треба да се жалат кај класниот раководител, директорот и родителите само во случај ако е голем проблем, а за малите тие сами се справуваат.

- **Дали децата имаа право да донесуваат одлуки, како во семејството, така и во училиштето?**

Во рамки на семејството сите деца се вклучувани во носењето на одлуки кои се однесуваат на нив. Родителите преку разговор им даваат можност на децата да го кажат своето мислење а потоа се носи одлука. И покрај тоа што одлуката најчесто ја носат родителите децата се чувствуваат вклучени во процесот на одлучување.
Сосема спротивна ситуација се јавува при носењето на одлуки во училиштето. Повеќето од децата сметаат дека воопшто не се консултирани. Одлуките најчесто ги носи директорот и наставниците. За некои работи се консултираат и родителите. Во такви ситуации училиштето ги известува родителите па потоа родителите им кажуваат на свотие деца за што се одлучувало. Само мал број деца укажале дека биле консултирани но тоа се однесувало на одлуки како одење на екскурзии.

- **Како општината ги донесува одлуките околу децата, учество на децата во донесување на одлуки и во активности на општината?**

Децата не се запознаени како општината носи одлуки кои се однесуваат на нив и не учествувале во носењето на тави одлуки. Индивидуално некои од децата се запознаени за проекти и активности кои општината ги спроведувала во соработка со училиштето меѓутоа тие не биле поврзани со детски права туку со екологија и со одбележувањето на ослободување на градот Штип.

- **Дали чуле за Училиште по мерка на детето или Општина по мерка на детето?**

Децата не се запознаени со проектите Училиште по мерка на детето и Општина по мерка на детето. Повеќето воопшто не чуле за нив, додека едно дете изјавило дека чуло преку родителите и медиумите меѓутоа не знаело точно да објасни погрешно идентификувајќи ги како проект на УСАИД.

- **Дали сметаат дека се рамноправни со останатите деца?**

Децата главно сметале дека се рамноправни со другите деца и никогаш не биле понижувани. Меѓутоа на дел од нив им било потребно толкување што значи тоа рамноправност. Децата кои пријавиле дека се чувствувале нерамноправни давале примери во однос на неправедно оценување и дискриминација од страна на наставниците кои давале повисоки оценки и привилегии на одредени деца поради семејни врски или подобар економски статус на нивните семејства.

- **Дали во градот постојат организации кои што работат со детски права и дали учествувале во активности за детски права?**

Децата покажале дека имаат многу слаби познавања кои се организации за детски права постојат и се активни во нивите градови.
Децата од Скопје ги навеле Мејаши и Црвен Крст. Во Прилеп го знаеле само дневниот центар за деца со посебни потреби. Децата од Охрид исто така го навеле Црвен крст а најмногу знаеле за Младински совет од Охрид во чии активности биле и самите вклучени. Децата од Тетово и Штип не знаеле да наведат ниту една организација.
Освен децата кои биле вклучени во активностите на Младинскиот совет од Охрид, другите не учествувале во никакви активности на невладини организации во врска со детски права.

- **Дали знаат какви форми на здружување на децата постојат во училиштето и дали се запознаени со правилникот за работа на училишна заедница?**

Во училиштата најчесто има воспоставени структури на ниво на клас, освен во Тетово каде децата воопшто не знаеле за форми на здружување на учениците. Но дури и таму каде се воспоставени на ниво на клас не функционираат на ниво на училиште. Претседателите на класните заедници не учествувале на наставничките совети но според нив и да учествувале не веруваат дека ќе смененле нешто. Дел од децата не ги ни препознаваат овие структури како нивни претставници. Според нив мислењето на децата во училиштето го претставуваат наставниците, директорот а дури на крај претседателот на класот.
Децата не се запознаени за постоење на правилник за работа за училишна заедница и истиот правилник го мешаат со правилниците на однесување кои одредуваат: правила на однесување на децата во класот како: да се облекуваат пристојно, да не џвакаат мастика на час, за добро однесување следи награда, а за лошо казна, не треба да се расипуваат компјутерите, да бидат мирни во клас додека наставникот зборува. Исто така и кога биле запрашани за што може да одлучува одделенската заедница, повторно се наведени воглавно правила за однесување како и одлуки за екскурзии. Според децата од овие структури најмногу функционира благајникот кој најчесто собира пари за копирање на тестови. Претседателот на класот го гледаат како претставник главно во случаи кога ќе се направи штета, меѓутоа исто така и за давање на предлог оцена, за давање на мислење за свој соученик.

- **Дали ги добиваат потребните знаења, дали наставниците користат интересни методи на работа, дали училиштето има пријатен простор за работа и дали има услови за деца со посебни потреби?**

Децата сметаат дека ги добиваат потребните знаења на училиште но не сите наставници користат интересни начини да го пренесат тоа знаење. Тие изјавиле дека некои од наставниците користеле нови и интересни методи, додека други биле многу крути и предавале на класичен начин. Во Тетово се наведени и случаи на наставници кои ги тепаат децата кога не знаат да одговорат на прашање, кога не се мирни, не слушаат кога збори наставникот или се проблематични.
Во однос на просториите, децата во главно се задоволни од условите во кои работат и сметаат дека училниците се пријатни, освен неколку ситуации каде има училници кои се наоѓаат во подрум, опремени кабинети кои не се користат, застарен инвентар или има стара и лоша инфраструктура.
Децата главно сметаат дека има услови за вклучување на деца со посебни потреби во училиштето. Само во Тетово е нагласено од дел од децата дека само едно училиште кое е ново ги задоволува тие услови.

- **Како најмногу се дознава за историјата, културата и традицијата на својот народ и дали тој е позитивно претставен во учебниците?**

Децата најмногу дознаваат за историјата, културата и традицијата на својот народ преку наставниците и преку одредени предмети во училиште, преку родителите и пошироко семејство, медиумите, додека некои и преку верските објекти. До четврто одделение биле послабо запознаени бидејќи немале такви предмети освен Запознавање на природата и општеството, додека од петто одделение со предметите Историја и Географија добиваат повеќе информации. Децата сметаат дека нивниот народ е позитивно претставен во учебниците од кои тие учат.
Децата укажале на тоа дека изучуваат историја и со новиот предмет во петто одделение и религија, меѓутоа слабо се изучува културата на народите.

**Дали посетуваат едукативни активности надвор од училиштето?**

Голем дел од децата посетуваат активности надвор од училиштето. Најмногу посетуваат курсеви по странски јазици, спортски активности, курсеви по информатика, математика, техничко образование, музичко. ВО Охрид децата изјавиле дека одат на активностите кои Младински Совет од Охрид ги организира за нив како планинарски излети, ликовен и литературен клуб и сл. Сите ученици се согласни дека знаењата добиени од едукативни активности надвор од училиштето се многу корисни.

- **Што сметаат дека треба училиштето да направи за подобро да се реализираат правата на децата?**

- Да се подобри инфрастуктурата на училиштата;
- Правилен распоред на училници;
- Повеќе воншколски активноисти и екскурзии;
- Подобра опременост на училниците;

- Радијаторите се со ограничена топлина, односно не доволно топли;
- Да се воведе посебен предмет каде што ќе се изучуваат правата на детето;
- Реално да се оценуваат;
- Да има посебна личност која ќе биде задолжена само за спроведување на правата на детето;
- Во училиштето треба да има повеќе ред и да се почитуваат повеќе правилата на училиштето;
- Реновирање на школото и исти услови во рамки на училиштето за сите деца (нови клупи, табли...);
- Активности против дискриминација базирана особено на семејни познанства;
- Да им се исчистат тоалетите и да има воопшто поголема хигиена;
- Да се вклучат компјутерите;
- Да се изграат посебни кабинети по одредени часови;
- Да се изгради училишна менза;
- Училиштето да им организира повеќе активности за запознавање на нивните права;
- Наставниците на повеќе часови да зборуваат за Конвенцијата за правата на детето;
- Да бидат вклучени во донесувањето на одлуки за прашања кои се битни за учениците во училиштето;
- Да бидат членови во наставничкиот совет за да можат да ги кажуваат своите проблеми и потреби во училиштето;
- Некои организации кои работат во врска со детски права да им организираат активности за правата на детето во училиштето и надвор од училиштето.